**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 25.10.2019
Орг. единица Njësia org: 11 | Број Numri: 4702 | Прилог Shtesë: 1 | Вредност Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како: <u>вонреден</u>**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово

**3. Датум на извршување на надзорот:** 25.10.2019 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19):

4.1. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

**5. Претходно изречена мрека:**

Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси (Уп.1 бр.03-289 од 22.05.2019 година), со кое на операторот му се наложува веднаш по приемот да го усогласи своето работење со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2797/1 од 17.05.2019 година.

Решението е уредно примено на 25.05.2019 година.

**6. Констатација од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово беше констатирано дека овој оператор на територија на општина Берово и опшина Пехчево во својот програмски пакет го реемитува програмскиот сервис Viasat History, којшто не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**7. Предлог мерка:**

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**